**20240991906**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 31 став (4) од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/23), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЗООТЕХНИЧКИОТ СЕРТИФИКАТ ЗА ЧИСТОКРВНИ КОПИТАРИ ЗА ПРИПЛОД (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на зоотехничкиот сертификат за чистокрвни копитари за приплод.

Член 2

(1) Зоотехничкиот сертификат за чистокрвни копитари за приплод се издава на образец во А4 формат отпечатен на хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на образецот на зоотехничкиот сертификат за чистокрвни копитари за приплод од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник престанува да важи со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 31-3592/3 | Министер за земјоделство, |
| 30 април 2024 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Николовски,** с.р. |

---

(*) Со овој правилник се врши усогласување со: Регулативата на Европскиот парламент и на Советот од 13 јули 2017 година во однос на содржина и формат на зоотехнички сертификати издадени за чистокрвни приплодни животни од видот коњи содржани во единствен траен документ за идентификација на копитари (CELEX бр. 32017R1940)

Прилог

Зоотехнички сертификат за чистокрвни копитари за приплод
(Equus caballus и Equus asinus)

<table>
<tr><td colspan="3">ДЕЛ I</td></tr>
<tr><td colspan="3">1.Име на призната организација на одгледувачи кое го издава сертификатот или надлежен орган (наведи контакт, детали и каде е применливо, упатување на веб-страница)</td></tr>
<tr><td colspan="2">2. Име на матична книга за приплод</td><td>3. Име на раса</td></tr>
<tr><td colspan="2">4. Име и трговско име на животно (1) и ознака на земјата на раѓање (2)</td><td rowspan="2">5.1. Индивидуален идентификациски број (3)<br>5.2. Единствен животен број (4)</td></tr>
<tr><td colspan="2">6. Број на матична книга за приплод (5)</td></tr>
<tr><td colspan="3">7. Идентификација на животно (1) (6)<br>7.1. Ознака на транспондер (1)<br>Систем за читање (доколку не е ИСО 11784) (1)<br>Линиска ознака (1)<br>7.2. Алтернативен метод за проверка на идентитет (1)</td></tr>
<tr><td colspan="2">8. Датум на раѓање на животно (да се користи формат дд/мм/гггг)</td><td>9. Земја на раѓање на животно</td></tr>
<tr><td colspan="3">10. Име, адреса и е-пошта (1) на одгледувачот</td></tr>
<tr><td colspan="3">11. Педигре (7) (8)</td></tr>
<tr><td rowspan="4">11.1. Татко<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td><td rowspan="2">11.1.1. Дедо по татко<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td><td>11.1.1.1. (1) Прадедо по татко<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td></tr>
<tr><td>11.1.1.2. (1) Прабаба по татко<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td></tr>
<tr><td rowspan="2">11.1.2. Баба по татко<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td><td>11.1.2.1. (1) Прадедо по татко<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td></tr>
<tr><td>11.1.2.2. (1) Прабаба по татко<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="4">11.2. Мајка<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td><td rowspan="2">11.2.1. Дедо по мајка<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td><td>11.2.1.1. ([1]) Прадедо по мајка<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td></tr>
<tr><td>11.2.1.2. ([1]) Прабаба по мајка<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td></tr>
<tr><td rowspan="2">11.2.2. Баба по мајка<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td><td>11.2.2.1. ([1]) Прадедо по мајка<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td></tr>
<tr><td>11.2.2.2. ([1]) Прабаба по мајка<br>Број на матична книга за приплод и оддел</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 12.1. Во ......................................................... 12.2. На .......................................<br>(внеси место на издавање) (внеси датум на издавање во формат дд/мм/гггг)<br><br>12.3. Име и својство на потписник ..............................................................................<br>(внеси со печатни букви име и својство на поединец ([9]) овластен од страна на призната организација на одгледувачи кое издава сертификат или надлежен орган за потпишување на овој дел од зоотехничкиот сертификат за чистокрвни копитари за приплод) | 12.4. Потпис |

([1]) Остави празно доколку не е применливо.
([2]) Внеси ознака на земјата доколку се бара со меѓународен договор за раса.
([3]) Индивидуалниот идентификациски број наведен како единствена ознака.
([4]) Единствен животен број во согласност со законодавството за здравјето на животните со кое се уредуваат идентификацијата и регистрацијата на животните.
([5]) Задолжително доколку се разликува од индивидуалниот идентификациски број или единствениот животен број.
([6]) Не е потребно доколку Дел I од зоотехничкиот сертификат е интегрален дел од единствениот доживотен идентификациски документ за идентификација издаден од призната организација на одгледувачи.
([7]) Доколку е неопходно, да се вклучат дополнителни промени во точка 11 од Дел I.
([8]) Да се внесе индивидуалниот идентификациски број наведен како единствена ознака. Доколку индивидуалниот идентификациски број не е достапен или е различен од бројот под кој животното е впишано во матичната книга за приплод, да се внесе бројот од матичната книга за приплод.
([9]) Овој поединец е претставник на призната организација на одгледувачи или надлежен орган.

<table>
<tr><td colspan="3">ДЕЛ II</td></tr>
<tr><td>1.1. Индивидуален идентификациски број (1)<br>1.2. Единствен животен број (2)</td><td colspan="2" rowspan="2">2. Идентификација на животно (3)<br>2.1. Ознака на транспондер (4)<br>Систем за читање (доколку не е ИСО 11784) (4)<br>Линиска ознака (4)<br>2.2. Алтернативен метод за проверка на идентитет (3)</td></tr>
<tr><td>3. Пол</td></tr>
<tr><td>4. Дел во рамки на галвниот оддел во матична книга за приплод (4)<br>4.1. Име на матична книга за приплод (5)<br>4.2. Дел во рамки на главен оддел (6)</td><td colspan="2">5. Име, адреса и е-пошта (4) на сопственикот (7)</td></tr>
<tr><td colspan="3">6. Дополнителни информации (4) (8) (9)<br>6.1. Резултати од тестирање<br>6.2. Ажурирање на резултати од генетска евалуација последен пат спроведена на: ......................................................................<br>(внеси датум во формат дд/мм/гггг)<br><br>6.3. Генетски оштетувања и генетски особености на животни во врска со програма за одгледување<br>6.4. Систем за проверка на идентитет и резултат (4) (10) (11)<br>6.5. Резултат од контрола на родителство (4) (10) (12)</td></tr>
<tr><td colspan="3">7. Инсеминација/парење (13) (14)<br><br>7.1. Датум (да се користи формат дд/мм/гггг)<br>7.2. Број на сертификат за одобрување (15)<br><br>7.3. Идентификација на машки донатор<br>7.3.1. Индивидуален идентификациски број (1)<br>7.3.2. Единствен животен број (2)<br>7.3.3. Систем за проверка на идентитет и резултат (4) (10) (11)<br>7.3.4. Резултат од контрола на родителство (4)</td></tr>
<tr><td colspan="2">8.1. Во ......................................................... 8.2. На ....................................................<br>(внеси место на издавање) (внеси датум на издавање во формат дд/мм/гггг)<br><br>8.3. Име и својство на потписник ..................................................................................................<br>(внеси со печатни букви име и својство на поединец (9) овластен од страна на здружение за одгледување кое издава сертификат или надлежен орган за потпишување на овој дел од зоотехничкиот сертификат)</td><td>8.4. Потпис</td></tr>
</table>

([1]) Индивидуалниот идентификациски број наведен како единствена ознака.
([2]) Единствен животен број во согласност со законодавството за здравјето на животните со кое се уредуваат идентификацијата и регистрацијата на животните.
([3]) Непотребно доколку информациите одговараат на информациите во точка 7 од Дел I и Делови I и II се единствена целина и неделиви и содржани во или приложени кон единствениот доживотен идентификациски документ.
([4]) Остави празно доколку не е применливо.
([5]) Задолжително доколку се разликува од точка 2 од Дел I.
([6]) Не е задолжително доколку овие информации се предвидени во документот за идентификација.
([7]) Не е задолжително доколку информациите за сопственикот се достапни и ажурирани во другите делови од единствениот доживотен идентификациски документ.
([8]) Доколку е неопходно да се користи дополнителна хартија.
([9]) Доколку може да се пристапи до овие генетски информации на веб страницата, упатување до таа веб страница може да се предвиди, доколку е одобрено од страна на надлежниот орган.
([10]) Врз основа на ДНК анализа или анализа на крвната група на животните.
([11]) Потребно во согласност со член 22 став (1) од Законот за зоотехника (*) за чистокрвни приплодни животни од видот копитари кои се користат за собирање семе за вештачка инсеминација. Може да се бара од призната организација на одгледувачи во согласност со член 22 став (2) од Закон за зоотехника (*) за чистокрвни приплодни животни од видот копитари кои се користат за собирање семе за јајце клетки и ембриони.
([12]) Доколку се бара со одгледувачката програма.
([13]) Потребно во случај на бремени женки. Информациите може да се наведат во одделен документ.
([14]) Да се избрише доколку е соодветно.
([15]) Доколку не е применливо, да се наведат резултати од контрола на родителство во точка 7.3.4.
([16]) Овој поединец е претставник на призната организација на одгледувачи или надлежен орган.